УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ-Скопје
Бр. 02-2036/1
06.09.2024
С К О П Ј Е

Врз основа на член 84 став 1 точка 3 од Статутот на Природно-математичкиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019 и 464/2021-анекс), постапувајќи по предлог на Продеканот за наставни и студентски прашања, Деканатската управа на Факултетот, на 11-та редовна седница одржана на ден 5.9.2024 година, ја донесе следната:

**ПРЕДЛОГ ОДЛУКА**
за определување на роковите за запишување на
зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година

1. Студентот може да го запише зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година во период од 16.9.2024г. до 30.9.2024 година.
2. Студентот кој не го запишал зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година во определениот рок во член 1 од оваа одлука, тоа може да го стори во период од 1.10.2024 година до 14.10.2024 година, со поднесено барање со образложение и плаќање на надоместок за задоцнето запишување, утврден во Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје („Универзитетски гласник" бр. 689, 26 јуни 2024)
3. По истекот на рокот од член 2 на оваа одлука, на студентот нема да му биде дозволено запишување на зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година.
4. Барање за мирување на студиите студентот може да побара во роковите за упис на семестарот, но не подоцна од 14.10.2024 година.
5. Студентите кои до 14.10.2024г. ќе ја одбранат својата дипломска работа се ослободуваат од запишување на зимскиот семестар во учебната 2024/2025 година.
6. Се предлага на Наставно-научниот совет да ја донесе оваа одлука.
7. Предлог одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Д Е К А Н,

Проф. д-р Даворин Трпески

Да се достави до:
- Архива; Раководител на Одделение за општи и правни работи и библиотечно работење; Деканатско досие; Продекан за наставни и студентски прашања; Институти